РЕПУБЛИЧКИ
СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
НА СООБРАЌАЈОТ
НА ПАТИШТАТА

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА РСБСП
# ЗА 2026 ГОДИНА

Скопје

Јануари 2026

Согласно член 371 и 374 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на својата петнаеста седница одржана на **29.01.2026** година, донесе:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА за 2026 година**

## I. ПРАВНА ОСНОВА

Годишната програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2026 година се донесува врз основа на член 370, 371. 372, 372а, 373, 373а, 374 и 375 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Деловникот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, како и во согласност со Националната стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата и меѓународните препораки и стандарди во оваа област.

## II. ВОВЕД

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, како советодавно тело, има за цел континуирано унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија.

Годишната програма за работа за 2026 година ги утврдува приоритетите, целите и активностите насочени кон намалување на бројот на сообраќајни незгоди, загинати и повредени лица, како и подигнување на свеста и сообраќајната култура кај сите учесници во сообраќајот.

Програмата за работа на РСБСП за 2026 година претставува рамковен документ во кои се опфатени најважните активности кои РСБСП самостојно или во соработка со партнерите ќе ги реализира во 2026 година. Во рамки на програмата е изработен Акциски План за спроведување на превентивно-едукативни кампањи, а за секоја активност, кампања или настан, предвидени во акцискиот план, Советот дополнително изработува поединечна програма или елаборат за реализација на истите.

Во зависност од актуелните состојби во безбедноста на сообраќајот на патиштата, како и утвредните моментални потреби, овој Акциски План може да биде дополнет со нови кампањи, како и истите да бидат дополнувани и менувани по однос на нивното времетраење, начин на спроведување и сл. со претходно донесена одлука на Советот.

## III. ОПШТИ ЦЕЛИ

- Намалување на бројот на сообраќајни незгоди со тешки последици.
- Зголемување на безбедноста на ранливите учесници во сообраќајот (пешаците, велосипедистите, возачи на е-тротинети, мотоциклистите и децата).
- Унапредување на сообраќајната едукација, култура и етика во сообраќајот.

- Подобрување на меѓуинституционалната соработка во областа на безбедноста на сообраќајот.
- Јакнење на аналитичкиот и превентивниот пристап во креирање политики за безбедност на сообраќајот.

## IV. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

### 1. Анализа и следење на состојбата со безбедноста на сообраќајот

- Анализа на статистички податоци за случени сообраќајни незгоди во 2025 и тековни податоци за 2026 година.
- Идентификација на најризични категории учесници во сообраќајот и критични патни делници.

### 2. Превентивни и едукативни активности

- Реализација на национални кампањи за безбедност во сообраќајот на патиштата.
- Организација на едукативни работилници, трибини, тркалезни маси, стручни собири,  предавања и обуки.
- Потикнување и помагање на научно-истражувачки активности.
- Изработка на стручна и едукативна литература.
- Активности за сообраќајно образование за деца и млади.
- Кампањи за користење заштитна опрема за пасивна безбедност и почитување на сообраќајните правила и прописи.
- Организација и учество на домашни и меѓународни конференции.
- Продукција и емитување на едукативни видеоматеријали за сообраќајот
- Едукативно дејствување преку социјални, електронски и пишани медиуми.

### 3. Активности за ранливи категории учесници

- Кампањи за зголемување на безбедноста на пешаците, велосипедистите и возачи на е-тротинети.
- Кампањи за зголемување на безбедноста на возачи на мопеди и мотоцикли.
- Кампањи за зголемување на безбедноста на децата и постари лица во сообраќајот.

### 4.Најважни ризик-фактори за безбедноста во сообраќајот на патиштата

- Брзо возење
- Управување моторно возило без возачка дозвола
- Упрвауваење моторно возило под дејство на алкохол
- Управување со технички неисправни и нерегистрирани возила
- Користење мобилен телефон и други електронски уреди
- Некористење на опрема за пасивна безбедност (сигурносен појас, кацига и др.)

### 5. Соработка и координација

- Соработка со државни органи, единици на локалната самоуправа и јавни институции.
- Поддршка и координација со општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата.
- Соработка со образовни установи, граѓански организации, медиуми и меѓународни партнери.

**6. Законодавни и стручни активности**

- Давање стручни мислења и препораки за измени и дополнувања на законската регулатива.
- Учество во подготовка и следење на реализација на стратегии и акциски планови.
- Следење и примена на меѓународни стандарди и добри практики за подобрување на безбедноста во сообраќајот.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за реализација на активностите предвидени со оваа програма ќе се обезбедуваат од Буџетот на Советот, како и од други извори во согласност со закон.

Кампањите и активностите кои ќе бидат реализирани од страна на СБСПГС и ОСБСП, а се предвидени во оваа годишна програма, РСБСП ќе ги финансира во делот на изработка и дистрибуција на превентивно-едукативен материјал.

## VI. СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА

Републичкиот совет ќе врши континуирано следење на реализацијата на Програмата и ќе подготви годишен извештај за спроведените активности и постигнатите резултати.

Активностите кои ќе бидат реализирани во 2026 година се поделени во повеќе групи и тоа активности кои ќе се реализираат со поддршка на:

- Комисијата за развој на сообраќајното техничко воспитување и образование на децата, младите и возрасните во сообраќакјот;
- Комисија за следење и имплементација на Националната стратегија за безбедност на сообраќајот;
- Комисија за меѓународна соработка и примена на научни достигнувања од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата;
- Комисијата за финансирање на активностите и распределба на финансиските средства
- Комисијата за маркетинг и односи со јавност;
- Комисија за соработка и координација на активностите со СБСПГС, ОСБСП, НВО и здруженија на граѓани и др.;
- Комисијата за јавни набавки.

Сите овие активности ќе се реализираат во согласност и со поддршка од Комисијата за финансирање на активностите и распределба на финансиските средства на Советот, како и во соработка и со поддршка од надлежните институции и организации и останатите партнери.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Годишна програма за работа стапува во сила со денот на нејзиното усвојување и ќе се применува во текот на 2026 година.

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНО-ЕДУКАТИВНИ КАМПАЊИ

### I. ЦЕЛ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Целта на овој Акциски план е координирано планирање и спроведување на национални и локални превентивно-едукативни кампањи со цел подигање на јавната свест, унапредување на сообраќајната култура и намалување на ризичното однесување на учесниците во сообраќајот.

### II. УЛОГА НА РСБСП

РСБСП учествува во кампањите преку:

- иницирање и предлози за теми и пораки;
- подготвување едукативни и информативни материјали;
- координација со надлежни институции и партнери;
- учество во јавни настани и медиумски активности;
- следење на реализацијата и давање препораки.

## III. АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНО-ЕДУКАТИВНИ КАМПАЊИ

Распоред на активности и кампањи за 2026 година, а истите се подетално образложени во елаборатите/програмите за секоја кампања

| Реден Број | Основ | Активност | Цел и опис на активност | Реализација | Период | Очекувани резултати од активноста |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата | **Организирање и одржување на седниците на РСБСП** | Реализација на програмските активности на РСБСП. | Оперативно разгледување и имплементација на тековните задачи на РСБСП во насока на реализирање на Програмата за работа за 2026 година, како и разгледување на конкретни иницијативи, предлози и прашања за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. | Во зависност од потребите за реализација на утврдените активности предвидени со Програмата за работа на РСБСП за цела година | Ефикасно реализирање на програмските активности на РСБСП и координиран и организиран пристап со сите општествени чинители за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Во согласност со Деловникот и интерните акти на РСБСП за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и реализацијата на програмските активности | **Организирање и реализирање на седниците на Комисиите при РСБСП** | Реализација на програмските активности на РСБСП и покренување на иницијативи и акциски планови за реализација на Програмата за работа на РСБСП од Комисиите до РСБСП | Успешно реализирање на програмските активности на РСБСП и Комисиите, како и разгледување на тековните предлози и мерки за остварување на целите на РСБСП | Во зависност од потребите за реализација на утврдените активности | Ефикасно реализирање на Програмата за работа на РСБСП и Комисиите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Согласно со член 375 од ЗБСП | Учество на претставници на РСБСП во работата на **Координативното тело на Владата за изработка на Третата национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и следење на нејзината имплементација**. | Изготвување на третата национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата и нејзина имплементација преку координација и зголемување на активностите на сите органи, институции и организации надлежни за следење на нејзина имплементација. | Организација на тркалезна маса, работни, стручни и координативни состаноци со цел подготовка и изготвување на Национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. Реализација на мерки и активности за имплементација на националната стратегија. | Во текот на 2026 година | Координација на надлежните институции во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата во насока на изготвување и имплементација на националната стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Активности на РСБСП изразени преку учество во медиуми и закуп на медиумски простор** | Активности за едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот преку закуп на медиумски простор во електронските и пишаните медиуми и закуп на јавен медиумски простор – билборди, автобуси, веб-портали, итн. | Објава на сообраќајноедукативни текстови, пораки, совети, банери и други креативни содржини за едукација и подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот. | Во текот на 2026 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку едукација и подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот |
| 3.1 | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Активности на РСБСП за сообраќајноедукативно дејствување – „герила“ маркетинг** | Активности за едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот преку реализација на едукативни „герила“ акции поддржани од брендирани ликови – маскоти. | Учество на маскоти во превентивно едукативни активности. | Во текот на 2026 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку едукација и подигање на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот |
| 4. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Интернет-кампања со сообраќајноедукативни совети и сообраќајни правила** | Користење на интернет-просторот за едукација на учесниците во сообраќајот. | Активност на РСБСП за едуцирање на учесниците во сообраќајот за одговорно учество во сообраќајот и едуцирање и потсетување за сообраќајните правила. | Во текот на 2026 година | Намалување на бројот на загинати и повредени од сообраќајни незгоди преку информирање и едуцирање на учесниците во сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Во согласност со ЗБСП и Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Радио Емисија од обласa на сообраќајот** | Сообраќајно едукативна емисија на радио мрежа со нацонална концесија со цел информирање и едуцирање на учесниците во сообраќајот и подигање на свеста за нивно правилно учество во сообраќајот | РСБСП во соработка со партнерите | Во текот на 2026 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку зголемена сообраќајна едукација |
| 6. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Изработка на сообраќајно-воспитен и пропаганден материјал, за реализирање на содржините од програмата.** | Печатење и дистрибуција на сообраќајноедукативни материјали за зголемување на сообраќајната едукација и подигнување на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот. | Континуирана сообраќајна едукација на учесниците во сообраќајот со помош на сообраќајно-едукативни материјали како активност на РСБСП и партнерите. | Во текот на 2026 година | Зголемена сообраќајна едукација и подигање на свеста за правилно и одговорно учество во сообраќајот на патиштата |
| 6.1 | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Изработка и финансиска подршка на сообраќајноедукативен видеоматеријал – видеоспотови, театарски престави во согласност со содржините од програмата** | Изработка, финансиска подршка и емитување на видеоспотови, театарски престави, за зголемување на сообраќајната едукација и подигнување на јавната свест за одговорно учество во сообраќајот. | Континуирана сообраќајна едукација на учесниците во сообраќајот со помош на сообраќајно-едукативни спотови. | Во текот на 2026 година | Зголемена сообраќајна едукација и подигање на свеста за правилно и одговорно учество во сообраќајот на патиштата |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Следење и анализа на законската регулатива поврзано со безбедноста на патниот сообраќај** | Активности за континуирано следење и анализа на безбедноста на сообраќајот на патиштата и изготвување на предлог материјали за измени и дополнување на законската регулатива. | Активности за компарација на законската регулатива со земјите од ЕУ, консултирање на стручната јавност за подобрување на законската регулатива, следење на безбедноста на сообраќајот на патиштата, детектирање на проблемите и заканите и изготвување на предлог решенија за подобрување на регулативата. | Во текот на 2026 година | Подготовка на материјали за подобрување на законската регулатива поврзана со безбедноста на сообраќајот на патиштата |
| 8. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Активности за формирање на Општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата и формирање на Градски совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за Град Скопје, како составен дел на РСБСП** | Зголемени превентивни активности на единиците на локалната самоуправа и на Градот Унапредување на сообраќајно превентивното дејствување на локално ниво преку соработка, поддршка и зајакнување на капацитетите и унапредување на работата на ОСБСП и СБСПГС преку реализација на заеднички активности. | Организација на состаноци и средби со претставниците на локалната самоуправа за формирање на ОСБСП и Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Град Скопје. Организација на заеднички кампањи, јавни настани, сообраќајно-едукативни трибини, предавања, обуки, работилници и останати активности | Во текот на 2026 година | Засилување на сообраќајно превентивното дејствување на локално ниво и намалување на бројот на сообраќајни несреќи и загинати лица |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.1 | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Организирање на работилници и работни состаноци на тема: „Сообраќајно превентивни активности за побезбеден сообраќај на локално ниво“** | Организација на работилница и работни состаноци со претставници на ОСБСП и СБСПГС со цел нивна обука и јакнење на нивните капацитети за сообраќајно превентивно дејствување на локално ниво. | Организација на работилница и работни состаноци со претставници на ОСБСП и СБСПГС. | Во текот на 2026 година | Јакнење на капацитетите на ОСБСП и СБСПГС и зголемување на сообраќајно превентивно дејствување на локално ниво |
| 9. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Активности на РСБСП изразени преку учество во меѓународна соработка** | Размена на искуства и промоција на меѓународната соработка во областа на безбедноста на патниот сообраќај. | Присуство на меѓународни конференции, стручни собири, семинари, советувања, студиски посети и други манифестации од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата и учество на работни состаноци во меѓународни организации и надлежни органи и институции за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. | Во текот на 2026 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку размена на искуства, знаења и позитивни практики. |
| | | | Реализација на сообраќајноедукативни проекти во соработка со меѓународни организации. | Подготовка на документација, аплицирање и имплементација на проекти за поголема соработка со меѓународни организации. | | |
| | | | Организација на Меѓународна конференција во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата. | Развивање на мрежа за соработка на еминентни претставници и размена на искуства и најдобри практики во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата. | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Организација и реализација на активности за новогодишните и божиќни празници** | Сообраќајноедукативни активности за време на празникот. | Дистрибуција на едукативни флаери и пристојни подароци со едукативни пораки и активности на социјалните медиуми од страна на РСБСП, СБСПГС, ОСБСП и МВР | Јануари и Декември 2026 година | Подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот за време на новогодишните и божиќни празници. |
| 11. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Зимска кампања** | Реализација на активности за подигање на јавната свест за поголема употреба на зимска опрема и одговорно учество во сообраќајот во зимски услови на патиштата. | РСБСП во соработка со МВР, ОСБСП, СБСПГС и останати партнери, реализација на активности за безбедно учество во сообраќајот во зима. Организација на јавни настани, дистрибуција на едукативни материјали. | Јануари – февруари 2026 и ноември – декември 2026 година | Подобрување на безбедноста во сообраќајот во зимскиот период од годината |
| 12. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Активности за одбележување на „Св. Валентин“ и „Св. Трифун“ во угостителски објекти** | Сообраќајноедукативни активности за време на празникот. | Дистрибуција на пристојни подароци со едукативни пораки и активности на социјалните медиуми, од страна на РСБСП, СБСПГС, ОСБСП и МВР. | Февруари 2026 година | Подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Сообраќајно едукативни активности за поголема безбедност на децата во сообраќајот** | Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот, преку зголемена сообраќајна едукација на децата и подигање на свеста кај останатите учесници во сообраќајот за внимателно и одговорно учество во сообраќајот. | Организација на сообраќајно-едукативни активности во градинките и основните училишта (предавање, сообраќајна училница на отворено, театар на отворено, конкурс за ликовни и литературни творби на тема сообраќај, квиз-натпревари, изработка и дистрибуција на сообраќајно-едукативни материјали за деца, вежби за правилно преминување на улица – поддржани со маскоти, | Февруари – Мај Септември – Декември 2026 година | Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот преку зголемена сообраќајна едукација на децата и подигање на свеста кај останатите учесници во сообраќајот за внимателно и одговорно учество во сообраќајот |
| | | | | едукативно возење итн.; активности за подигање на свеста кај возачите за поголема внимателност во сообраќајот на места со зголемена фреквенција на деца, во кои ќе бидат вклучени и чинители од средните сообраќајни училишта, Техничкиот факултет – Битола и Факултетот за безбедност – Скопје, ОСБСП, СБСПГС и МВР. | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13.1 | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Детски семафор и Сообраќајно-техничка култура на младите** | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку едукација и запознавање на децата и младите со основните правила во сообраќајот на начин прифатлив за нив. | Активности на РСБСП во соработка со МОН за обновување на сообраќајно-едукативните манифестации Детски семафор и Сообраќајно-техничка култура на младите, поврзани со учениците од основните и средните училишта, во кои ќе бидат вклучени и чинители од средните сообраќајни училишта, Техничкиот факултет – Битола, Факултетот за безбедност – Скопје, ОСБСП и СБСПГС. | Во текот на 2026 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку образовноедукативни активности со посебен ацент на подобрување на безбедноста на децата – учениците како учесници во сообраќајот |
| 14. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Активности за одбележување на „8 Март – ден на жените“** | Сообраќајноедукативни активности за време на празникот со фокус на жените возачи. | Дистрибуција на флаери и пристојни подароци со едукативни пораки и активности на социјалните медиуми, од страна на РСБСП, СБСПГС, ОСБСП и МВР | Март 2026 година | Подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот со фокус на жените возачи. |
| 15. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Кампања „Безбедно на електричен тротинет“ за безбедно учество во сообраќајот со електричен тротинет** | Едукација на учесниците во сообраќајот за одговорно учество во сообраќај со електричен тротинет и подигање на свеста кај возачите да внимаваат на електричните тротинети. | РСБСП во соработка со МВР, СБСПГС и ОСБСП. Организација на јавни настани, „герила“ акции, работилници на отворено, дистрибуција на прирачници, флаери, активности на социјалните мрежи итн. | Април - Октомври 2026 година | Подобрување на безбедноста на патниот сообраќај преку едукација на лицата кои управуваат електричен тротинет |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Организирање и спроведување на кампања за безбедно однесување во сообраќајот за време на матурските вечери,** | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку подигнување на свеста за некористење на автомобил во текот на матурските вечери. | Организирање и спроведување на кампања наменета за средношколците –матуранти во соработка со СБСПГС, ОСБСП, МОН, ЗЕЛС и МВР. | Април-Мај 2026 | Намалување на сообраќајните несреки во периодот на одржување на матурските вечери |
| 17. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Реализација на кампања “за унапредување на безбедноста на пешаците во сообраќајот“ .** | Подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество на пешаците во сообраќајот и подигање на јавната свест за почитување на ранливите групи на учесници во сообраќајот како рамноправни учесници во сообраќајот. | Реализација на кампања – јавни настани за подобрување на безбедноста на пешаците во сообраќајот.<br>Изработка и дистрибуција на едукативни материјали, радиопораки и закуп на медиумски простор во кои се наведени сообраќајните правила и прописи кои треба да ги почитуваат пешаците.<br>Организирање на акција за помош на повозрасни лица за правилно преминување преку улица, поставување на привремени ознаки (балони, табли и др.) на пешачките премини и др. во соработка со СБСПГС, ОСБСП, МВР и останатите партнери. | Април, Мај, Септември и Октомври 2026 година | Намалување на бројот на сообраќајни незгоди во кои учесници се пешаците. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Реализација на кампања за унапредување на безбедноста на велосипедистите во сообраќајот** | Брендирање на јавни површини со пораки за поголема употреба на велосипедот (цртање на графити на школка, во парк, на велосипедска патека на кеј, поставување на едукативни табли итн.<br>Поставување на брендирани велосипеди со едукативни пораки на јавни места.<br>Активности за поголема употреба на заштитна опрема за велосипедистите.<br>Изработка на едукативен материјал за најважните правила што треба да ги знаат велосипедистите и за придобивките од употребата на заштитна опрема.<br>Организација на велосипедско дефиле или хепенинг. | Организирање и реализација на кампања за едукација на велосипедистите и подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество на велосипедистите во сообраќајот и подигање на јавната свест за почитување на велосипедистите како рамноправни учесници во сообраќајот, во соработка со СБСПГС, ОСБСП, МВР и останатите партнери. | Мај – јуни 2026 година Септември – Октомври 2026 година. | Намалување на бројот на сообраќајни незгоди во кои учесници се велосипедисти, а со тоа и намалување на бројот на загинати и повредени велосипедисти во сообраќајни незгоди. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | Реализација на кампања **„Одговорно во сообраќајот – безбедноста пред сè!“** по повод Глобалната недела за безбедност на сообраќајот. | Широка општествена акција во пет општини во Република Северна Македонија за подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот и едукација на учесниците во сообраќајот. Кампањата ќе се реализира интензивно и масовно во траење од 5 дена во секоја од петте општини посебно, во соработка со СБСПГС, ОСБСП, МВР и останатите партнери. | Прв ден: Брендирање на јавните површини во населените места со билборди, банери, табли, прес-конференција за медиуми.<br>Втор ден: Организација насообраќајноедукативни настани и предавања на отворено во детски градинки, основни и средни училишта, пензионерски домови.<br>Трет ден: Организација на дефиле за подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот и дистрибуција на едукативни материјали на плоштад, во ноќни клубови итн. Акцијата ќе биде поддржана од афирмирани личности на локално ниво.<br>Четврти ден:Организација на јавен настан во центарот на градот Скопје – симулациона вежба за брзо и ефикасно постапување во случај на сообраќајна незгода.<br>Петти ден: Акција за одбележување на пешачки премини, поставување на хелиумски балони или Акција за обележување на сообраќајни полигони во основните училишта. | Втора седмица во мај 2026 година | Унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку реализација на сообраќајнопревентивни активности на локално ниво |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Активности за едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот во летниот период од кампањата „Безбедно лето – безбедноста пред сè!“** | Спроведување на кампања за подигање на јавната свест за влијанието на високите летни температури за способноста на управување со моторно возило, почитување на сообраќајните правила, на условите на патот и на техничката исправност на возилата насловена како<br><br>**Летна Кампања 2026** | Изработка и дистрибуција на повеќе јазични флаери и плакати, брендирани шишенца со вода за пиење и друг едукативен материјал на граничните премини, наплатните рампи, бензински станици, станици за технички преглед на возила и останати пунктови на територијата на РСМ, во соработка со СБСПГС, ОСБСП, МВР и останатите партнери. | Јуни – Септември 2026 година | Подигнување на јавната свест за влијанието на високите температури врз безбедноста во сообраќајот и укажување на предизвиците врз безбедноста на сообраќајот во текот на летниот период |
| 20.1 | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Кампања „Безбедно лето“ за безбедно учество на младите во сообраќајот** | Организација и реализација на кампања посветена на младите во сообраќајот. | Организирање на едукативни работилници, трибини, посета на ноќни клубови и други места од интерес на младите, како и подготовка на едукативен материјал и видеопораки прилагодени за млади, примена на “Пијани наочари“, со цел зголемување на нивната свест за одговорно учество во сообраќајот. Организација на симулациона вежба со спасување на повредени лица во сообраќајни незгоди на јавни места со присуство на ученици и млади лица. | Јуни - Септември 2026 година | Зголемување на безбедноста на младите во сообраќајот преку превентивно едукативни активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Реализација на активности за подигање на јавната свест кај младите за навремено полагање за возачка дозвола и неуправување на моторно возило без возачка дозвола.** | Акција „Учам, полагам, возам." Организација на едукативни предавања во средните училишта со ученици од III и IV година | РСБСП, МВР, СБСПГС, ОСБСП. Организација на едукативни предавања во средните училишта и дистрибуција на превентивно едукативен материјал и литература за полагање на возачки испит. | Септември - Декември 2026 година | Унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку намалување на бројот на учесници во сообраќајот кои управуваат моторни возила без возачка дозвола. |
| 22. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | Организација на активности за промоција на алтернативни облици на сообраќај насловена како **„Европска недела на мобилност"** | Активности за промоција на алтернативни форми на мобилност (велосипед, тротинет) и промоција на ековозење | Активности на РСБСП, СБСПГС и ОСБСП во соработка со партнерите во организација на сообраќајно-едукативни работилници, јавни настани, дефилеа и др. | Трета седмица во септември 2026 година | Зголемена употреба на алтернативни форми на мобилност и промоција на ековозење |
| 23. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | Одбележување на **„Светски ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни незгоди"** | Подигање на јавната свест за фаталните последици од неодговорното учество во сообраќајот на патиштата. Поставување на искршени автомобили и макети на клучни места каде што се случиле сообраќајни незгоди, организација на јавни настани, „герила" акции и др. | Активности на РСБСП, СБСПГС и ОСБСП во соработка со МВР на јавни места и местата каде што се случиле најмногу сообраќајни незгоди, т.н. црни точки, да се постават возила оштетени од сообраќајни незгоди или макети. | 15 ноември 2026 година | Подигање на свеста за последиците од сообраќајните незгоди |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Организација и реализација на активности за зголемена употреба на сигурносни појаси и детски седишта** | Следење на нивото и тенденцијата на употреба на системи за пасивна безбедност (сигурносни појаси и детски седишта), реализација на активности за едукација и подигање на свеста за поголема употреба на системи за пасивна безбедност и утврдување мерки за континуирано дејствување во насока на нивна зголемена употреба. | Реализација на едукативни активности и научно истражување по метод на набљудување и спроведување на мерки за зголемена употреба на системи за пасивна безбедност, од страна на РСБСП, СБСПГС, ОСБСП и МВР. | Во текот на 2026 година | Намалување на бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни несреќи преку зголемена употреба на системи за пасивна безбедност – сигурносни појаси и детски седишта |
| 25. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Реализација на активности за последиците од употребата на мобилни телефони и други електронски уреди за учесниците во сообраќајот** | Едукација на учесниците во сообраќајот за последиците кои настануваат при одвлекување на внимание поради употреба на мобилни телефони и електронски уреди. | Изработка и дистрибуција на едукативни материјали, радиопораки, видеоматеријали, закуп на медиумски простор за зголемување на свеста за влијанието и последиците од користење на мобилните телефони и други електронски уреди при учество во сообраќајот, од страна на РСБСП, СБСПГС, ОСБСП и МВР. | Во текот на 2026 година | Намалување на користењето на мобилни телефони и други електронски уреди при управување со возило или учесник во сообраќајот како пешак со цел намалување на бројот на сообраќајните незгоди и последици од истите. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 26. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Организација на активности за поголема безбедност на мотоциклистите во сообраќајот** | Организација на трибини на отворено, хепенинзи и дефилеа за едукација на мотоциклистите и подигање на јавната свест за почитување на мотоциклистите како рамноправни учесници во сообраќајот.<br>Изработка и дистрибуција на едукативни материјали за подигање на јавна свест кај мотоциклистите за нивно одговорно учество во сообраќајот и зголемена употреба на опрема за пасивна безбедност. | Во соработка со МВР, Мотоциклистичка федерација, мотоклубовите, ОСБСП и СБСПГС, реализирање на трибини и хепенинзи на отворено во повеќе градови на РС Македонија. Едукација на мотоциклистите и подигање на јавната свест кај учесниците во сообраќајот за почитување на мотоциклистите како рамноправни учесници во сообраќајот.<br>__________________________<br>Подигање на свеста за правилно и одговорно учество на мотоциклистите во сообраќајот. | Во текот на 2026 година | Зголемување на безбедноста на мотоциклистите во сообраќајот. Намалување на бројот на сообраќајни незгоди со мотоцикли |
| 27. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Кампања за подобрување на безбедноста на сообраќајот со посебен акцент на брзото и агресивно возење, алкохолот и психотропни супстанци** | Едукација и подигање на свеста кај возачите за последиците од брзото и агресивно возење, возење под дејство на алкохол и психотропни супстанци. | РСБСП, МВР, ОСБСП, СБСПГС, едукација на возачите преку реализација на теренски активности за зголемени контроли за алкотестирање на возачите, реализација на едукативни настани и дистрибуција на едукативни материјали. | Во текот на 2026 година | Намалување на бројот на возачи кои управуваат возила со поголема брзина, агресивно возење, возење под дејство на алкохол и психотропни супстанци, како и намалување на бројот на загинати и повредени лица. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 28. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Активности за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку засилен ангажман и употреба на потенцијалите на учениците од основните и средните стручни (сообраќајни) училишта во државата**. | Работилница со МВР и претставници од средните сообраќајни училишта за поголема практика и поголема вклученост на учениците во сообраќајно-едукативни проекти. Формирање, опремување и обука за училишните сообраќајни единици. | Унапредување на сообраќајната едукација, спроведување на предавање, организирање на училишни патроли и училишни сообраќајни единици, учество во регулација на сообраќајот со МВР на учениците од основните и средните стручни сообраќајни училишта. Партнери: Локална самоуправа, СБСПГС, ОСБСП, МВР и МОН. | Во текот на 2026 година | Зголемување на практичните знаења за сообраќајот на учениците од основните и средните стручни (сообраќајни) училишта и подобрување на безбедноста на учениците во сообраќајот преку едукативно-воспитни активности. |
| 29. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Активности за едукација на возачите на земјоделска механизација и работни машини за нивно одговорно учество во сообраќајот** | Едукација и информирање на возачите на земјоделска механизација и работни машини за нивно правилно и одговорно однесување во сообраќајот, (управување на регистрирани и технички исправни возила, нивно соодветно осветлување, каде и по кои патишта смеат да се движат). | Едуцирање на земјоделците и останатите возачи на работни машини за нивно правилно и одговорно учество во сообраќајот, од страна на РСБСП, СБСПГС, ОСБСП и МВР. | Во текот на 2026 година | Зголемување на безбедноста на учесниците во сообраќајот со едукација на возачите на земјоделска механизација и работни машини |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 30. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Реализација на активности за унапредување на работата на станиците за технички преглед и реализација на активности за подигнување на јавната свест за важноста на техничката исправност на возилата**. | Акција „Само технички исправното возило е безбедно возило“ и акција „Во сообраќајот нема место за нерегистрирани возила.“ Организација на акција за бесплатен превентивен технички преглед . Изработка и дистрибуција на едукативен материјал и засилени контроли од сообраќајната полиција. | РСБСП, СБСПГС, ОСБСП, МВР во соработка со станиците за технички преглед и Националното биро за осигурување. | Во текот на 2026 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку зголемување на техничката исправност на возилата и намалување на бројот на нерегистрирани возила учесници во сообраќајот |
| 30.1 | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Тркалезна маса на тема „Унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку унапредување на квалитетот на работа на станиците за технички преглед“** | Организација на тркалезна маса и стручна литература за унапредување на квалитетот на работа на станиците за технички преглед. | РСБСП во соработка со МВР, Министерство за транспорт, Министерство за економија и труд, станиците за технички преглед и др. | Во текот на 2026 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку зголемување на техничката исправност на возилата |
| 31. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Активности за зголемување на знаењата на учесниците во сообраќајот и унапредување на работата на автошколите и испитните центри** | Дистрибуција на стручна литература и организација на стручни трибини и едукативни настани. | Проширување на достапната литература од областа на безбедноста на сообраќајот. РСБСП во соработка со МВР, испитните центри, автошколите и др. | Во текот на 2026 година | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку унапредување на работата на автошколите и испитните центри. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 32. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Реализација на активности за едукација и подигање на јавната свест за правилно паркирање и отстранување на хаварисани возила од тротоари и други јавни површини** | Организирање на кампања за зголемување на јавната свест за штетните последици од погрешното паркирање. | Во соработка со МВР, ЕЛС и ЈП – организација на едукативни акции за отстранување на хаварисани возила, активности за подигање на јавната свест за правилно паркирање, дистрибуција на едукативни материјали, банери и поставување на сообраќајно-едукативни материјали во форма на табли за ослободување на паркинг места наменети за лицата со посебни потреби. | Во текот на 2026 година | Подобрување на безбедноста во сообраќајот и неговата протечност преку подигање на јавната свест за важноста и потребата од правилно и одговорно паркирање на моторните возила. |
| 33. | Во согласност со ЗБСП, Деловникот и интерните акти на РСБСП | **Активности за запознавање на учесниците во сообраќајот со начинот на функционирање на системот „Безбеден град“** | Едукација и информирање на учесниците во сообраќајот за начинот на функционирање и процедурите во врска со системот „Безбеден Град“, како и бенифитот од истиот по безбедноста во сообраќајот на патиштата. | РСБСП во соработка со МВР. СБСПГС и ОСБСП: едукација на возачите преку реализација на теренски активности за реализација на едукативни настани и дистрибуција на едукативни материјали | Во текот на 2026 година | Зголемена одговорност кај учесниците во сообраќајот и почитување на сообраќајните правила и прописи |

## IV. НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА

- Презентирање преку едукативни материјали и инфо-пораки;
- Јавни настани и медиумски кампањи;
- Дигитални платформи и социјални медиуми;
- Координација со локални и национални партнери;
- Соработка со училиштата, општините, здруженија и НВО.

## V. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Средства се обезбедени од буџетот на РСБСП за 2026 година и од партнерски организации, во согласност со законските надлежности.

## VI. СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

- Прибирање извештаи од партнерите;
- Следење на реализација на кампањите;
- Изготвување годишен извештај со препораки;
- Корисни податоци (истражување преку индикатори) со цел планирање на идни кампањи.

## VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Овој Акциски план е составен дел на Годишната програма за работа на РСБСП за 2026 година и стапува на сила со усвојувањето на Советот.

**Претседател на РСБСП**
**м-р Горан Ангеловски**